# Кодекс на однесување за снабдувачи на Nielsen вер.2

декември 2016 година

Nielsen е посветен на највисоките стандарди за интегритет и социјална одговорност. Бараме од другите лица со кои соработуваме да исполнуваат слични високи стандарди. Овој Кодекс на однесување за снабдувачи (Кодекс) ги одредува основните барања кои важат за секој снабдувач кој обезбедува стоки или услуги за Nielsen. Условите на конкретен договор помеѓу некој снабдувач и Nielsen може да содржат дополнителни одредби кои се однесуваат на некои од овие теми. Ништо во овој Кодекс не е наменето да има предност пред некоја поконкретна одредба во одреден договор и ако постои некоја неусогласеност помеѓу овој Кодекс и некоја одредба од одреден договор, тогаш одредбите од договорот имаат предност. Овој Кодекс не е наменет да има предност пред ниту еден закон. Снабдувачите ќе ги почитуваат сите важечки закони и прописи во секое законодавство во коешто работат.

Во согласност со Кодексот на однесување на Electronics Industry Citizenship Coalition и Водечките принципи за бизнис и човекови права на ОН, одредбите од овој Кодекс потекнуваат од главните меѓународни стандарди за човекови права, вклучувајќи ги и *Декларацијата за основните принципи и права на работа на МОТ* и *Универзалната декларација за човековите права на ОН*.

## А. РАБОТНА СИЛА

Снабдувачите се посветени да ги почитуваат човековите права на работниците и да се однесуваат кон нив со достоинство и почитување во согласност со меѓународните стандарди за човекови права. Ова важи за сите работници, вклучувајќи ги и привремените работници, мигрантите, студентите, работниците ангажирани со договор, директните вработени и сите други типови работици.

Задолжителни стандарди за работна сила се:

**1) Слободно избрано вработување** - нема да се користи присилна, обврзана (вклучувајќи и должничка обврска) работна рака, ниту работна рака со должничка спогодба, принудна затворска работа, ропство или шверц на луѓе. Ова опфаќа пренесување, заштитување, ангажирање, префрлување или добивање лица со користење на закана, сила, принуда, грабнување или измама за работа или услуги.

- Како дел од процесот на ангажирање, на работниците мора да им биде доставен опис на условите за нивното вработување на јазик кој кандидатот добро го разбира. Во случај на работници-мигранти, тој мора да се даде пред работникот да ја напушти својата земја на потекло.
- Целата работа мора да биде доброволна, а работниците ќе имаат слобода да ја напуштат работата во секое време или да го раскинат работниот однос. Работниците ќе имаат слобода да го напуштат работното место или сместувањето кога немаат работен ангажман и нема да

бидат предмет на неразумни ограничувања на нивните основни слободи (на пример, пристап до тоалети, вода за пиење и др.).
- Вработените и застапниците нема да ги задржуваат или на друг начин да ги уништуваат, кријат, конфискуваат или оневозможуваат пристап до нивните документи за идентитет или имиграција, како што се документи за идентификација издадени од влада, пасоши или работни дозволи, освен ако таквото задржување не се бара со закон.
- Работниците не треба да им плаќаат на работодавачите или застапниците надоместоци за ангажирање или други слични надоместоци за своето вработување. Ако се открие дека вработените плаќаат такви надоместоци, тие надоместоци ќе му бидат вратени на работникот.

2**) Млади работници -** детската работна рака нема да се користи во ниту една фаза од синџирот на снабдување. Терминот „дете“ се однесува на секое лица помладо од 15 години или помладо од возраста за завршување на задолжително образование, или помладо од минималната возраст за вработување во земјата, а се зема предвид поголемата возраст. Работниците помлади од 18 години (млади работници) нема да вршат работа за којашто постои можност да го загрози нивното здравје или безбедност, вклучувајќи ги и ноќните смени или прекувремената работа. Снабдувачите ќе обезбедат соодветно управување на работниците-ученици преку правилно водење на евиденција за учениците, ригорозна задолжителна проверка на образовните партнери и заштита на правата на учениците во согласност со применливите закони и прописи. Снабдувачите ќе обезбедат соодветна поддршка и обука за сите работници-ученици. Ако не постои релевантен локален закон, стапката на плата на работниците-ученици, стажанти и практиканти ќе биде најмалку иста со другите нови работници кои извршуваат исти или слични задачи.

3) **Работно време** - работните недели нема да го надминат максимумот определен со локалниот закон и нема да бидат подолги од 60 часа неделно, освен во итни или необични ситуации. Работниците ќе имаат најмалку еден слободен ден на секои седум дена.

4) **Плати и придонеси -** надоместокот што им се исплаќа на работниците ќе биде во согласност со сите применливи закони за плати, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на минимална плата, прекувремена работа и законски задолжителни придонеси. Снабдувачите ќе им исплаќаат надоместок на работниците за прекувремена работа според локалните закони. Нема да се дозволува намалување на платата како дисциплинска мерка. За секој платежен период, работниците ќе добиваат навремена и разбирлива пресметка за платата којашто содржи доволно информации за да се потврди точниот надоместок за извршената работа. Секое користење на привремена работна сила или работна сила ангажирана од други лица ќе биде според локалните закони.

5) **Хуман третман** - нема да има суров или нечовечки третман вклучувајќи какво било сексуално вознемирување, сексуална злоупотреба, физичко казнување, ментално или физичко принудување или вербално малтретирање на работниците, ниту ќе има закана за таков третман. Дисциплинските

политики и процедури во врска со овие барања ќе бидат јасно дефинирани и ќе им бидат соопштени на работниците.

6**) Недискриминација -** снабдувачите ќе се однесуваат кон вработените со достоинство и почитување и ќе обезбедат работна околина во која нема малтретирање и злоупотреба. Снабдувачите, при ангажирање или вработување, нема да применуваат практики кои дискриминираат врз основа на нешта кои не се поврзани со резултатите од работата на вработениот. На работниците ќе им биде обезбеден разумен простор за религиозни обреди. Исто така, работниците или потенцијалните работници нема да бидат подложени на медицински тестирања или физички испити кои можат да се употребат на дискриминаторски начин.

7) **Слобода на здружување -** во согласност со локалните закони, снабдувачите ќе го почитуваат правото на сите работници да формираат и да се зачленуваат во синдикати според сопствен избор, да преговараат колективно и да се собираат мирно, а ќе го почитуваат и правото на работниците да се воздржуваат од такви активности. Работниците и/или нивните претставници ќе можат слободно да соопштуваат и да споделуваат идеи и грижи со раководството околу условите за работа и практиките на раководство без страв од дискриминација, реваншизам, заплашување или малтретирање.

## Б. ЗДРАВЈЕ и БЕЗБЕДНОСТ

Од снабдувачите се очекува да применуваат темелни мерки за здравје и безбедност во сите аспекти на деловното работење, вклучувајќи го следново: здравје при работа (ограничување на изложеноста на работниците на потенцијално опасни материи); подготвеност за итни случаи (примена на планови за итни случаи и процедури за одговор, вклучувајќи обука и вежби за вработени); спречување и пријавување повреда и болест на работно место; индустриска хигиена (контрола и ограничување на изложеност на хемиски, биолошки и физички агенси); ограничување на напорна физичка работа и заштита при користење тешка или опасна машинерија; пристап до чиста и безбедна работна околина (вклучувајќи чисти тоалети, питка вода и хигиенско подготвување на храна); и јасно соопштување на информации за здравје и безбедност.

## В. ЖИВОТНА ОКОЛИНА

Nielsen е посветен на социјална одговорност и ги исполнува своите обврски за да ја заштити околината и ги охрабруваме нашите снабдувачи да го сторат истото. Бараме од сите снабдувачи да ги почитуваат сите применливи закони и прописи за животната околина, вклучувајќи ги и барањата за дозволи и пријавување. Снабдувачите треба да бараат исплатливи начини за да ја подобрат енергетската ефикасност и да ја минимизираат својата потрошувачка на енергија и испуштањата на стакленички гасови.

nielsen

Од нашите снабдувачи-производители бараме и: спречување на загадување и намалување на ресурси; безбедно ракување, складирање, пренесување, користење и фрлање на опасни супстанции и хемикалии; контролирано користење и намалување на отпадни води; и следење и контрола на издувните гасови (вклучувајќи испарливи органски хемикалии, аеросоли, корозивни средства, честички, хемикалии што го оштетуваат озонот и нуспроизводи од согорување).

## Г. ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ

Снабдувачите и нивните застапници мора да ги почитуваат највисоките етички стандарди, вклучувајќи го следново:

1) **Деловен интегритет и искрена соработка**
Во сите деловни контакти треба да се почитуваат нависоките стандарди за интегритет. Снабдувачите мора да ги почитуваат обичаите, правилата, практиките и кодексите кои важат во индустријата и областите во кои работи Nielsen во сите земји во кои снабдувачите обезбедуваат услуги за Nielsen, вклучувајќи ги и оние поврзани со клиентите, колегите и професионалците на Nielsen.

Снабдувачите треба да имаат политика на нула толеранција и да ги забранат сите форми на поткуп, корупција, изнудување и проневерување.

Секо деловно работење треба да се врши транспарентно и точно да се евидентира во деловните книги и евиденции на снабдувачот. Снабдувачите нема да даваат лажни претставувања ниту да доставуваат лажни информации или податоци до Nielsen во врска со каква било трансакција или работа што го вклучува Nielsen или неговите клиенти. Тука спаѓа и давањето лажни изјави за факти или доставување или користење лажни податоци. Снабдувачите мора да прифатат само работа за којашто се соодветно обучени и искусни. Снабдувачите треба да се информираат постојано за практиките во професијата за да обезбедат етичко однесување и обезбедување на квалитетни производи и услуги
за Nielsen и неговите клиенти.

Треба да се променуваат процедури за следење и примена за да се обезбеди дека деловните практики на снабдувачите се во согласност со овие барања.

2) **Без поткупување**
Снабдувачите мора да ги почитуваат сите применливи локални и меѓународни закони против корупцијата, вклучувајќи го и Законот за коруптивни практики во странство на САД и Законот за корупција во ОК. Не смее да се ветува, нуди, одобрува, дава или прима поткуп или други средства за добивање несоодветна или неправилна предност. Исто така, снабдувачите не треба да ветуваат, нудат, одобруваат, даваат или примаат нешто што има вредност за да добијат или да задржат деловна соработка, директно да соработуваат со некои лице или на друг начин на добијат неправилна предност.  Забранети се и плаќањата за олеснување за да се забрза извршувањето на

рутински административни функции. Снабдувачите нема да ангажираат други лица за да направат нешто што е забрането директно да го прават снабдувачите како што е наведено погоре.

3) **Откривање информации**
Информациите за работната рака, здравјето и безбедноста, практиките за животната околина, деловните активности, структурата, финансиската состојба и резултатите на снабдувачите треба да се откриваат според применливите закони и прописи и вообичаените практики во индустријата. Снабдувачите не треба да даваат лажни информации за активностите при откривањето.

4) **Интелектуална сопственост**
Снабдувачите треба да воведат и одржуваат безбедносни заштитни мерки, вклучувајќи административни, физички и технички заштитни мерки создадени за заштита на информатичките системи од неовластен пристап и веднаш ќе го информираат Nielsen ако веруваат дека нивните системи се компромитирани на начин што може да му предизвика штета на Nielsen. Снабдувачите мора да ги користат доверливите информации, податоци, трговски информации, авторски права и трговски марки од Nielsen само на начин што е дозволен во нивните договори со Nielsen и најмалку да ги обезбедат таквите информации со разумен степен на грижа. Снабдувачите не треба бесправно да ги присвојуваат ниту да ги прекршуваат трговските информации, трговските марки или делата заштитени со авторски права на други лица. Снабдувачите не смеат да злоупотребуваат трговски тајни, корпоративни или доверливи информации од други лица, ниту да откриваат такви информации на неовластени други лица. Снабдувачите мора веднаш да го известат Nielsen за секое неовластено користење на податоци, трговски тајни, трговски марки, логоа или доверливи информации од Nielsen од страна на снабдувачот или некое друго лице.

5) **Заштита на идентитетот и политика без реваншизам**
Снабдувачите треба или (i) да одржуваат отворена линија за пријавување[1] за нивните вработени да пријавуваат прекршувања на овој Кодекс или каква било друга загриженост поврзана со интегритет што се однесува на работата за Nielsen, или (ii) да дозволат нивните вработени да имаат пристап до [линијата за пријавување на Nielsen]. Снабдувачите треба да одржуваат програми за да ја обезбедат доверливоста, анонимноста и заштитата на снабдувачите и вработените кои пријавуваат, освен ако тоа не е забрането со закон. Во секој случај, снабдувачите имаат обврска веднаш да ги пријават кај Nielsen сите информации или наводи што ги добиваат во врска со прекршувањето на овој Кодекс на однесување. Исто така, снабдувачите мора веднаш да го информираат Nielsen ако дознаат дека некој вработен или друго лице поднесле барање или жалба против Nielsen. Сите пријавувања до Nielsen треба да се извршат на Integrity@Nielsen.com или https://nielsen.tnwreports.com/

6) **Одговорно снабдување со минерали**

[1] Дефиниција за пријавувач: секое лице кое открива неправилно однесување на вработен или раководител во компанијата или на јавен функционер или официјално тело.

Снабдувачите треба да имаат политика за разумно да обезбедат дека минералите во производите што ги произведуваат директно или индиректно не финансираат и не носат користат за извршители на сериозни прекршувања на човековите права. Снабдувачите треба да извршат ригорозна задолжителна проверка за да го идентификуваат изворот и синџирот на надзор за овие минерали и да ги направат достапни за клиентите своите мерки за ригорозна задолжителна проверка по барање на клиентите.

7) **Заштита на приватноста и податоците**

Снабдувачите треба да одржуваат внатрешни политики и процедури кои се разумно направени за да за ги заштитат податоците што ги дава Nielsen или снабдувачот ги добил во името на Nielsen или неговите клиенти („податоци од Nielsen“). Снабдувачите треба да ги почитуваат сите применливи закони и прописи за приватност, заштита на податоци и безбедност на информации, како и законските барања за собирање, складирање, обработка, пренесување или откривање на податоците од Nielsen. Снабдувачите треба да ги спроведуваат соодветните договори за пренесување податоци со Nielsen во сите форми коишто со применливите закони се бараат од Nielsen или неговите клиенти да ги спроведуваат со давателите на услуги или да ги пренесат на подизведувачите. Снабдувачите треба да достават известување до Nielsen најмалку 30 дена пред да ангажираат нов подизведувач за обработка на податоците од Nielsen и треба да добијат согласност од Nielsen пред да дозволат некој подизведувач да ги обработува податоците од Nielsen.

**8) Судир на интереси**

Снабдувачите мора да ги избегнуваат сите ситуации или односи кои може да вклучат несоодветен судир или појава на судир со интересите на Nielsen. Снабдувачите не смеат да нудат, ниту да даваат преголеми подароци, гостопримливост или забава на ниту еден вработен во Nielsen или член на семејство на вработени во Nielsen. Вработените во Nielsen и членовите на нивните семејства не треба да имаат никаков значителен економски интерес во ниту еден субјект којшто соработува со Nielsen, а снабдувачите мора да избегнуваат односи кои вклучуваат судир или појава на судир со интересите на вработените во Nielsen.

## Д. СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ

Снабдувачите треба да воведат или да воспостават систем за управување којшто е направен за да обезбеди:

1) Почитување на применливите закони, прописи и барања за клиенти поврзани со работата и производите на снабдувачите;
2) Почитување на овој Кодекс; и
3) Идентификување и намалување на оперативните ризици поврзани со овој Кодекс. Исто така, треба да го олесни и постојаното подобрување.

## Ѓ. ИЗМЕНИ НА КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ

Nielsen го задржува правото да ги ажурира, дополнува или изменува барањата на Кодексот на однесување на Nielsen, а снабдувачите треба да ги прифатат тие измени и да преземат соодветни дејства. Ништо што се содржи во други документи издадени од снабдувачите нема да се смета дека променува или дополнува некој дел од овој Кодекс.